08- 443/6

22. 07. 21

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 16 седница одржана на 28.04.2021година, донесе

РЕШЕНИЕ

за акредитација на студиската програма „Одржлив дизајн во машинското инженерство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултет за технички науки, при Универзитет Мајка Тереза - Скопје

1. Се акредитира студиската програма „ Одржлив дизајн во машинското инженерство ", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултет за технички науки, при Универзитет Мајка Тереза – Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инженер по машинство од областа на Одржлив дизајн во машинското инженерство/во меѓународен промет академски назив: Bachelor of Mechanical engineering in Sustainable design in Mechanical engineering.

4. Научно подрачје: Техничко-технолошки науки (2.0);
Научно – истражувачко поле: 2.14 Машинство;2.11 Индустриско инженерство и менаџмент.
Научно – истражувачка област: Студиската програма е интер и мултидициплинирана, застапени се и други подрачја. Основата на програмата е преплетување на техничко-инженерски знаење-подрачје на дизајн-развој, конструкција, производство и менаџмент.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука бр. 02-68/2 од 29.01.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Одржлив дизајн во машинското инженерство “, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултет за технички науки, при Универзитет Мајка Тереза – Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 448/1 од 29.01.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на 24.02.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 448/3 од 21.05.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 16-та седница одржана на 28.04.2021година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски